ПОЕМА 7

# КОН НАУМ ВЕСЛИЕВСКИ-ОВЧАРОТ

На родот свој да му ќе поклониш
и со душа и тело сред одот на таа вистина,
А денес за тебе тој тоа да го чини
зошто си негов дел што не знае да се отуѓи
да се смири,воздржи.
Утеха како цел без ропство
не да се бара,со свои чекори траг
да се остави - да трае,
Можност и само таква
единствена беше и ја оствари
сред немоќни затворски лаги
ќелиско студенило,но не и да те скроти.
Време,беше време но не на чекање
и рече,Македонијо!Јас сум тука
знам ,потребен сум ти,Доваѓам!
Единствено и само за неа
за вистината,Земјо!
на распаќе оставена,разнесена,до кога!
од време и за себе таква.
Семејна рожба како дар на предци
и со нивниот видик задоен-издигнат
но никогаш окован-беден.
Лесен од по патеки заситени со скелети
на сите твои Земјо!
што не сакаат туѓост нечија
да те води,има.
И што повеќе,еден е живот
на ова тло да не биде она што беше,
Еден е живот,Македонијо!
сред денови од солзи,денови од болки
кај да е - каков да е ,
Во вистината Ти Земјо!
само за тебе се упатил челад
до орловски гнезда,спомени
како могила на бесмртност,
Слободен од,глас-поглед
за родот што не сокрил,што ќе создал
за да не има со возвраќање што обврзува,
Како потекло и припадност
како се наше воскресение
и по смрта што не е тоа
како стварност што не постои
за нас што и веруваме на вистината
како моќ што се бара,постои.
И само таа,вистината
знае кој може да ја допри
да ја има,вистината наречена-Македонија!
исконска-стара-непокорна,
и само за нас на нејзиното тло
средба со Делчев,Петров,Сандански.....
средба со Мирче,Страшо,Стив,Мите.....
средба со тебе-Овчарот!како
Од низ пеколот
до изгревот на денов што се буди,
Во бесмртност со светост своја
за ден нов да се роди,
Чекање,Македонијо!што е тоа,
освен зло за злото што го имаш
А робот дали постојано мртов
и нема да биде,глас и ќе се дигне,

Редица демони по непознатото ќе се упатат
за да сфатат дека е безцелен живот,
Од денес за бесконечно да трае
без да се мени,разотуѓи,
Ти мајко,жено во црн повез,Ти Македонијо!
Ти гробнице на овие души што те следат,
Остануваш за секогаш во нивниот спомен
како вечен непокор што се буди.
На родот свој да муж се поклониш
и со душа и тело сред одот на таа вистина,
А денес за тебе - Овчарот!
тој тоа да го чини,
зошто си негов дел,што не знае да се отуѓи
да се смири,воздржи.

СребреЈовановски/Јанковец-87.

4. VII - Златари